# ПРОСПЕКТ

# КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД СТРУМИЦА

---

Назив на друштвото: **Акционерско друштво КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица**
Адреса: **ул. Климент Охридски бр.45, Струмица**

Котација на акции на КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица на Официјалниот Пазар на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје, на подсегметот “*ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА*”.

---

Покровител на котацијата

## НЛБ Тутунска Банка АД Скопје

**Април 2013**

# ИЗЈАВА НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА ДРУШТВОТО

Претседателот на Управниот одбор на КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица ја прифаќа одговорноста за содржината на овој проспект.

Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека сите податоци од овој проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на издавачот, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овој проспект.

Александар Ричлиев

Претседател на Управен одбор

# СОДРЖИНА


1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ 4
2. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ 5
3. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ 7
4. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ 9
5. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА 10
6. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ИЗДАВАЧОТ 15
7. РАЗВОЈНИ ПЕРСПЕКТИВИ 20
8. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ 21

# 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

- Проспектот е изготвен согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје од 15.03.2013 и Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135//11, 13/13).

- Друштвото целокупното свое работење го остварува преку НЛБ Тутунска банка АД Скопје, ул. Водњанска бр.1, Скопје.

- Ревизор на годишните сметки на КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица за 2010, 2011 и 2012 година е друштвото Е.Р.Ц. ДОО Скопје со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.22/1-51, Скопје.

- Проспектот не претставува ниту понуда за продажба, ниту повик за купување на акциите на КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица. Проспектот не смее да се смета за препорака за купување на акции на КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица, а секој потенцијален инвеститор се упатува на сопствена проценка на финансиската состојба на работење на КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица.

- Барањето за котација се однесува за следните родови на акции: 338.004 обични акции со номинална вредност 5,00 еур. ИСИН број: MKKLST101010.

- Пред приемот на котацијата на Официјалниот пазар на Македонската Берза АД Скопје на подсегментот Задолжителна котација, со акциите на КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица се тргува на Редовниот Пазар на подсегментот Пазар на друштва со посебни обврски за известување.

## *2. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ*

- Назив на друштвото: Акционерско друштво КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК Струмица.

- Седиште на друштвото е на Ул. Климент Охридски бр.45, Струмица

- Друштвото се основа со трансформација на ЗИК Струмица АДМС - Струмица, ул. Гоце Делчев бр. 44, Струмица како еден од правните наследници, врз основа на Одлуката за трансформација на претпријатието и Решение на Комисијата на Владата на РМ за трансформација на претпијатието со општествен капитал од 03.11.1997 година. Основано е на неопределено време.

- Врз основа на решение за упис на Регистарскиот суд извршен е упис во трговскиот регистар со ознака и број на решението Трег. 108/2002 од 18.02.2002 година.

- Основна дејност на друштвото е колење и преработка на ситен и крупен добиток. Приоритетна дејност/главна приходна шифра:

  10.11- Преработка и конзервирање на месо

- Основната главнина на Друштвото со состојба на ден 31.12.2012 година, изнесува 1.690.020 евра и е поделена на 338.004 обични акции со право на глас. Една акција има номинална вредност од 5,00 еур. Акциите се регистрирани и се водат кај Централниот депозитар на хартии од вредност на РМ.

- Зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на Собранието за зголемување на основната главнина. Одлуките и заклучоците на Собранието се донесуваат со мнозинство (51%) гласови на сите присутни или претставувани акционери. Со одлуки и заклучоци со кои на акционерите им се изложуваат поголеми обврски од тие што им се наложени со Статутот, потребно е согласност на сите акционери на кои им се зголемуваат обврските, односно им се намалуваат правата. Органи на Друштвото се: Собрание, Управен одбор, Надзорен одобор

- Во последните две години нема промени во структурата на капиталот во смисла на износите на емитираниот капитал и бројот на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал. Промени има кај родовите на акции, имено во текот на месец јануари 2013 година преку јавна берзанска аукција Фондот за ПИОМ продаде 12.080 приоритени акции кои ги поседуваше во Друштвото. Со оваа постапка приоритетните акции се конвертирани во обични акции. По конверзијата, вкупниот број на издадени обични акции е 338.004 обични акции.

- Друштвото нема издадено должнички конвертибилни хартии од вредност.

- Единствен акционер со учество над 5% во вкупниот број на издадени акции од Акционерско друштво Кланица со ладилник, Струмица е Друштво за трговија и услуги РОНИБЕТ, експорт-импорт Дооел, седиште на ул. Браќа Минкови бр. 6, Струмица, со 77,29% учество во капиталот на Друштвото.

- Друштвото не поседува мнозинско учество во други друштва.

- Друштвото нема во тек постапки за издавање на акции заради спојувања, поделби или понуди за преземања други друштва.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ

- Основна дејност на друштвото е колење и преработка на ситен и крупен добиток. Пласман на стоката се врши на домашниот пазар и на пазарите од земјите од ЕУ. Колење се врши на јагне, свињи и јунци, а производите кои се продаваат се готови производи. Друштвото е регистрирано со приоритетна дејност преработка и конзервирање на месо. Покрај основната дејност во внатрешниот промет друштвото има регистрирано и надворешно – трговски промет и тоа: ОД

  -производство, обработка и конзрвирање на животинско месо
  -преработка на животинско и живинско месо
  -надворешна трговија со прехранбени производи
  -надворешна трговија со непрехранбени производи
  -посредување и застапување во прометот на стоки и услуги
  -реескпорт
  -застапување на странски правни и физички лица
  -малограничен промет со соседните земји

- Друштвото учествува со 30-40% од вкупниот извоз на јагне од Р. Македонија за ЕУ, а на домашен пазар учеството во услугата колење на добиток е околу 10% . Тенденцијата на овие учества е во нагорна линија.

- Колење и преработка на јагне (услужно) главно се пласира на пазарите во Италија, Грција и Хрватска, во вкупна количина од околу 1000 тони годишно.

- На домашниот пазар, производството и пласманот опфаќа колење и преработка на говеда-телиња и свињи на годишно ниво од околу 192 тони и 120 тони, соодветно.

- Значителни инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вреднос на други трговски друштва во последните две години не се евидентирани.

- Друштвото не е инволвирано како тужител или тужена страна во било какви судски или арбитражни постапки.

- Приказ на приходите од продажба за претходните три години:

(во денари)

| **Година** | **2012** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|---|
| ***1.ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ*** | | 43.347.745,00 | 22.946.447,00 |
| а) Приходи од продажба на домашен пазар | | 40.986.896,00 | 22.429.736,00 |
| б) Приходи од продажба на странски пазар | | | |
| в) Приходи од закупнини | | 664.905,00 | 516.600,00 |
| г) Останати деловни приходи | | 1.695.944,00 | 111,00 |
| ***ПРИХОДИ ОД ФИНАСИРАЊЕ*** | | 442,00 | 1.833,00 |
| а) Приходи од камати и курсни разлики | | 442,00 | 1.833,00 |
| ***ВОНРЕДНИ ПРИХОДИ*** | | | |
| а) Вонредни пригоди кои произлегуваат од значајни промени на сметоквоствената проценка | | | |
| б) Останати вонредни приходи | | | |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **74.256.160,00** | **43.348.187,00** | **22.948.280,00** |

* податоците за 2012 година се од неревидираните финансиски извештаи

- Заклучно со 31.12.2012 година друштвото вработува 17 вработени, со следната квалификациона структура:

| Степен на образование | Состојба на 31.12.2012 | Состојба на 31.12.2011 | Состојба на 31.12.2010 |
|---|---|---|---|
| Високо образование | 3 | 3 | 3 |
| Средно образование | 14 | 14 | 14 |
| Вкупен број на вработени | 17 | 17 | 17 |

## 4. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

- Во продолжение следи приказ на основните финансиски податоци за компанијата

| **Година** | **2012*** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|---|
| Вкупни средства** | 139.562 | 132.960 | 118.008 |
| Вкупни обврски** | 21.520 | 19.364 | 12.315 |
| Добивка пред оданочување/загуба** | 145 | 7.902 | 4.939 |
| Нето добивка по акција | 0,43 | 22 | 15 |
| Коефициент цена/добивка | 0 | 5,45 | 8,00 |
| Коефициент цена/книговодствена вредност на акција | 0,36 | 0,36 | 0,38 |
| Износ на исплатена дивиденда по акција | 0 | 0 | 0 |
| Дивиденден принос | 0 | 0 | 0 |

* податоците за 2012 година се од неревидираните финансиски извештаи

** (во 000 денари)

## *5. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА*

- Барањето за котација се однесува за следните родови на акции: 338.004 обични акции со номинална вредност 5,00 еур. ИСИН број: MKKLST101010.

- Пред котацијата на Официјалниот пазар на Македонската Берза АД Скопје, со акциите на КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица се тргува на Редовниот Пазар на подсегментот Пазар на друштва како друштво со посебни обврски за известување.

- Собранието е орган на управување на Друштвото, каде акционерите ги остваруваат своите права и интереси во друштвото на начин утврден со Статутот и Законот. Со седниците на Собранието раководи Претседател на Собранието, кој го избираат акционерите по пат на јавно гласање со мнозинство на гласови.

- Собранието на Друштвото го сочинуваат имателите на акции што даваат право на глас на Собранието. Секој акционер може да именува лице кое ќе го застапува на Собранието. Именувањето се врши со договор за затапување или со писмено полномошно. Затстапувањето од се даваа на опредлено време од 5 години. Акционерот има право да го раскине договорот или го повлече полномошното доколку утврди дека не се застапуваат неговите интереси. Раскинувањето, односно повлекувањето се врши согласно одредбите од законот.

- Собранието во остварувањето на своите права и обврски, ги има следните надлежности: го донесува Статутот на Друштвото, одлучува за дополнување и изменување на статутот, зголемувањето и намалувањето на основната главнина на Друштвото, промена на правата врзани за одредени видови и родови на акции, ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор, ја одобрува работата на

Надзорниот одобр и Управниот одобор, ги усвојува годишните и завршните сметки и одлучува за употребата на добивката, именува ревизори на годишните сметки, како и контроли на управувањето во Друштвото, одлучува за статусни промени во Друштвото, за престанокот на Друштвото, Одлучува за издавање на обврзници, одлучува за спорови настанати помеѓу Управниот и Надзорниот одбор и др. Собранието на Друштвото може да одлучува за прашања од областа на управувањето ако тоа го побара Управниот одбор на Друштвото

- Собранието се свикува кога тоа го бара интересот на Друштвото. Собранието на Друштвото се свикува најдоцна 30 дена од денот на составувањето на Годишните сметки, а се усвојуваат годишните сметки, извештајот за работата на Друштвото, се одлучува за распределбата и употребата на добивката или за покривање на покажаните загуби и др. За што се донесуваат одлуки. Седницата на собранието ја свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива, по барање на Управниот одбор и на барање на еден или повеќе акционери кои претставуваат десетти дел од основната главница. Во барањето за свикувањето на Собранието мора да се наведат причините за свикувањето на Собранието како и предметот за кои Собранието треба да одлучува. Претседателот на Собранието ја свикува седницата, по истекот на деловната година, а најдоцна по усвојувањето на годишната сметка, како и поради донесување на други одлуки. Ако седницата на Собранието од претходнитот став на овој член Претседателот на Собраниетото не ја свикува на време, тоа ќе го стори Управниот одбор на друштвото, ако ни Управниот одобро не ја свика седницата, Надзорниот одобор ќе ја свика седницата на собранието без одлагање. Ако свикувањето на седницата на Собранието го бара Управниот одбор или членовите на Собранието, должни се да ги наведат причинити и да го предожат дневниот ред за седницата. Претседателот на седницата е должен да го свика Собранието во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, Ако во рок од 30 дена по поднесеното барање на акционерите, Собранието на Друштвото не биде свикано, надлежниот регистарски суд во вонпроцесна постапка го свикува собранието или ги овластува

акционерите кои барале свикување на собранието или нивните застапници да го свикаат Собранието.

- Покани за седницата на Собранието со неопходните податоци предвидени во Законот им се доставуваат на акционерите намалку 21 ден пред денот определен за одржување на седницата. Во поканата тие се предупредуваат дека имаат право да предлагаат определен предмет да се стави на дневен ред на собранието. Ако на дневен ред на седницата на Собранието се вршат измени или дополнување на Статутот на Друштвото, на акционерите со поканата им се доставува предлогот за именување и дополнување со образложение на истиот. Собранието може да биде свикано и со објавување на повик до акционерите. Повикот се објавува во гласилото на Друштвото и во еден дневен весник.

- Собранието може да донесува одлуки само по прашања што се уредно ставени на дневниот ред. Собранието може да расправа и одлучува и по прашање кое дополнително ќе биде ставено на дневен ред.

- Секој имател на акција има право да учествува во работата на Собранието, право на гласање кога поседува акции што даваат право на глас. На Собранието имаат право да учествуваат имателите на акции кои се запишани во книгата на акции најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на седницата на Собранието. Право на учество го опфаќа и правото на расправање по поставените прашања на дневен ред. Членовите на Управниот одобр можат да учествуаваат во работата на Собранието и да расправаат за прашањата на дневен ред но немаат право на глас ако не се акционери на Друштвото. Свикувачот на Собранието е должен да се грижи врз основа на книгата на акции, односно врз основа на приложените акции, да се состави список на акционерите овластени да учествуваат на свиканото Собрание. Во списокот се внесува фирмата, како и семејното и роденото име, живеалиштето на сопствениците на акциите по одделни видови и родови и бројот на гласовите што на секој од нив му припаѓаат. Така составените списоци најмалку 3 дена пред

одржувањето на седницата на Собранието се ставаат на увид во просториите на Друштвото на секој акционер. Секој акционер може да бара на свој трошок да му се издаде списокот, односно препис на списокот.

- Во случај да не постои кворум за работа и одлучување на Собранието, Претседателот на Собраниетото свикува нова седница со ист дневен ред што мора да се одржи најдоцна за 10 дена од денот кога требало да се одржи свиканата седница. Денот и часот на повторното одржување на седницата на Собранието можат да се означат и во првата покана, но во тој случај таа не смее да се одржи порано од 10 дена ниту подоцна од 30 дена сметајќи од денот на неодржаната седница. Ако повторната седница на Собранието не се свика на начин определен во преходниот став, врз повторното свикување се применуваат одредбите за свикување седница на Собранието утврдени во претходните членови на Статутот на Друштвото. Акционерите кои го докажале своето право на учество на првозакажаната седница на собранието го задржуваат истото и за повторно закажаната седница доколку не настапиле измени на уписот во книгата на акции или во положените акции, за што свикувачот ќе се увери при испитувањето или составувањето на списокот согласно Статутот на Друштвото.

- Акционерот може своите права во Друштвтото како на Собранието, така и надовор од него да ги остварува лично или преку свој полномошник за сите свои акции. За полноважноста на полномошното доволно е тоа да е потпишано од акционерот и заверено кај нотар. Ограничувањата што би ги содржало тоа полномошно се обврзувачки само меѓу акционерот и полномошникот. Акционерот кој нема деловна способност, го застапуваат оние лица кои по постојните прописи го застапуваат во правниот промет, а за нивното легитимирање не е потребно посебно полномошно.

- Секоја обична акција дава право на еден глас во Собранието на Друштвото. Правото на глас во Собранието на Друштвото

акционерот ако е правно лице го остварува преку свој овластен застапник, односно полномошник.

- Одлуките и заклучоците на Собранието се донесуваат со мнозинство (51%) на гласови на сите присутни или претставувани акционери. Со одлуките и заклучоците со кои акционерите им се изложуваат поголеми обврски од тие што им се наложени со постоечкиот Статут или со кои на поодделни акционери им се намалуваат правата со овој Статут, потребна е согласност на сите акционери на кои им се зголемуваат обврските, односно им се намалуваат правата. Собранието ги донесува одлуките и заклучоците со јавно гласање на присутните односно претставените акционери. Тајно гласање ќе се спроведе само во случаи предвидени со Законот за трговски друштва. Одлуките, заклучоците и ставовите на Собранието се задолжителни за сите акционери без оглед дали присуствувале на седницата на Собранието или гласале против одлуката, заклучокот или ставот. За работата на Собранието се води записник. Записникот го содржи фирмата и седиштето на Друштвото, местото и времето на одржувањето на Собранието, името на записничарот и имињата на бројачите на гласовите, дневниот ред, значајни настани по истиот како и поднесените прилози, донесените одлкуки, бројот на гласовите за и против и бројот на воздржаните гласови, оградување на акционер член на Управен одбор, односно Надзорен одбор против некоја одлука ако вложувачот на приговорот или протестот тоа го бара. Ако за работата на седницата се водат белешки и тие се составен дел на записникот. Записникот се составува веднаш по завршувањето на седницата на Собранието, најдоцна во рок од 3 дена од денот на одржувањето на седницата. Записникот го потпишува Претседателот на Собранието. Записникот се става на увид на акционерите во Друштвото и секој акционер може да бара од Управниот одбор издавање, препис или фотокопие од записникот на Собранието.

- Тргување со акциите на друштвото во последните три години на Македонската берза нема. Последен пат тргување со овие акции е регистрирано во 2004 година, кога во две трансакции се истргувани вкупно 49.495 акции по цена од 120,00 денари.

## *6. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ИЗДАВАЧОТ*

- Управувањето во Кланица со ладилник АД Струмица е организирано според двостепен сисем на управување.

- Органи на Друштвото се:

  -Собрание
  -Управен одбор
  -Надзорн одбор

- Друштвото го застапува и претставува Претседателот на Управниот одобр на Друштвото. Претседателот на Управниот одор го застапува и претставува Друштвото со неограничени овластувања.

- Управниот одбор има најшироки овластувања да дејствува во сите околности во име на Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото, со исклучок на овластувањата кои изричито му се дадени на Надзорниот одобр и на Собранието на друштвото.

- Управниот одбор во извршувањето на своите задачи особено ги врши следните работи во негова надлежност: донесување планови и програми за работа, подготвување предлози, акти за усвојување на Собранието и ги извршува донесените одлуки, се грижи за уредна и навремена изработка на периодични и годишни пресметки, доставува однсно предлага донесување на општи и поединечни акти чие донесување е во надлежност на Собранието, донесува општи и поединечни акти чие донесување не е во надлежност на Собранието, одлучува за прашања од работен однос и за барања за заштита на правата на вработените во втор степен, формира комисии и други работни тела заради извршувањена својата дејност, ја утврдува внатрешната организација на друштвото,

се грижи за законитоста по работењето, како и за исполнувањето и спроведувањето на обврските на Друштвото.

- Управниот одобр се состои од 3 члена. Членовите на Управниот одобр ги именува Надзорниот одбор. Во Управниот одбор е именувано лице кое добило најмалку 51% од вкупниот број на гласови од Надзорниот одбор. Членовите на Управниот одбор не мора да бидат акционери. Член на Управен одбор не смее во исто време да биде именуван во повеќе од пет Управни одбори на Друштва со седиште на територијата на РМ. Надзорниот одбор од именуваните членови на Управниот одобр именува Претседател на Управниот одобр. Претседателот на Управниот одбор го застапува и претставува Друштвото во односите со трети лица. Надзорниот одбор може да даде овластување за застапување и на други членови на Управниот одбор. Управниот одбор најмалку еднаш во 3 месеци на Надзорниот одбор му поднесува писмен извештај за работењето на Друштвото. Управниот одбор по истекот на деловната година му поднесува на Надзорниот одбор предлог на Годишната сметка и Годишен извештај за работењето. По барање на Надзорниот одбор, Управниот одбор составува посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некој посебен аспект од неговото работење. Управниот одобор ги именува одговорните лица во Друштвото со одлука на Претседателот на Управниот одбор.

- Членовите на Управниот одбор се должни да ги вршат своите работи со внимание на совесен трговец и да ја чуваат деловната тајна.

- Надзорниот одбор на Друштвото врши надозр и контрола на работењето на Управниот одобор како и контрола на актите на Друштвото. Составен е од 3 члена. Членовите на Надозорниот одбор ги избира Собранието на Друштвото со тајно гласање, од кои еден за Претседател на Надзорниот одбор. Членовите на Надзорниот одбор можат повторно да бидат именувани без ограничувања. Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор. Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и списите на Друштвото, имотот, особено благајната

на Друштвото и постоечкиот износ на стоки и хартии од вредност. Надзорниот одбор може да го свика Собранието на Друштвото кога тоа го бараат интересите на Друштвото. Одлуката за свикување на Собранието, членовите на Надзорниот одбор ја донесуваат со обично мнозинство. Надзорниот одобр одлучува ако на седницата се присутни најмалку половината од членовите на Надзорниот одбор. Одлуките Надзорниот одбор ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови. Гласот на Претседателот на Надзорниот одбор е одлучувачки во случај на поделба на гласовите. Надзорниот одбор во извршувањето на својата работа донесува одлуки, заклучоци и мислења. Ако утврди дека определена одлука на Управниот одбор е во спротивност на интересите на Друштвото, на Законот или на Статутот, тогаш ќе укаже на недостатоците. Ако Управниот одбор и по укажувањето не ја преиначи одлуката или друг акт, Надзорниот одбор го известува Собранието на акционери. Судирот меѓу Управниот одбор и Надзорниот одбор го решава Собранието на Друштвото. Членовите на Надзорниот одбор го застапуваат Друштвото пред судовите кога спротивна страна се членовите на Управниот одбор. Членовите на Надзорниот одбор се должни своите права и обврски да ги вршат најсовесно во интерес на Друштвото. Членовите на Надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите податоци и известувања што се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле како доверливи. Оваа должност постои и продолжува да важи и по престанокот на членството на Управниот одбор.

- Членови на Управен одбор

Александар Ричлиев- претседател на Управен одбор од Јули 2003

- Високо образование-Економски факултет

Елизабета Ричлиева- член на Управен одбор одЈули 2003

- Високо образование, вработена во Дом за деца и млади-Благој Јанков Мучето

Миро Петров- член на Управен одбор од Јули 2003

- Средно образование, вработен во Саратога Дооел

- Членови на Надзорен одбор

Владимир Пецев- претседател на Надзорен одбор од Јули 2003

- Пензионер

Венера Беќарова – член на Надзорен одбор од Јули 2003

- Високо образование, вработена во книговодствено биро – Еко Јурист

Митра Петрова- член на надзорен одбор од Јули 2003

- Средно образование, вработена во Саратога Дооел

- Од горенаведените лица, членови на Управен и Надзорен одбор, учеството во основаната главнина на друштвото е следна:

| **Име** | **Презиме** | **Број на акции** | **Учество во основната главнина %** |
|---|---|---|---|
| Елизабета | Ричлиева | 1 | 0,00030 |
| Миро | Петров | 1 | 0,00030 |
| Владимир | Пецев | 1 | 0,00030 |
| Митра | Петрова | 1 | 0,00030 |

- Лицата од претходната точка не се членови на Одбори во други акционерски друштва, ниту биле членови на одбор на директори односно Управен и Надзорен одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години.

- Претседателот на Управниот одобр - Александар Ричлиев е во сродство преку брак со членот на Управениот одбор - Елизабета Ричлиева.

- Членот на Управниот Одбор - Миро Петров е во сродство преку брак со членот на Надзорниот одбор - Митра Петрова.

- Претседателот на Надзорениот одбор - Владимир Пецев е татко на членот на Управениот одбор - Елизабета Ричлиева.

- Исто така лицата немаат изречени мерки на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност.

- Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на членовите на Управниот одбор и нивните приватни интереси

- Непостојат договори за соработка меѓу овие лица и акционерите, клиентите и добавувачите врз било која основа.

- Не постојат ограничувања во располагањето на акциите издадени од издавачот на членовите на Управен Одбор и Надзорниот Одбор на Друштвото.

## 7. РАЗВОЈНИ ПЕРСПЕКТИВИ

- Менаџментот на Друштвото очекува во следните три години да има раст на продажбата и проширување на постојната мрежа на купувачи. Во делот на трошоците се очекува отпимизација на процесите и намалување на варијабилните трошоци, како и преземање на мерки за намалување на фиксните трошоци. Општо гледано на расходната страна Друштвото не планира зголемени трошоци за развој.

- Генерално очекувањата се дека и во наредниот период ќе има раст на добивката, со забелешка дека се зависи од понудата и побарувачката на пазарите.

## 8. *ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ*

- Прилог бр.1